911.3:32 - 027.21 original scientific article

# „КЛАСИЧНА“ И „НЕОЕВРОАЗИСКА“ ГЕОПОЛИТИЧКА МИСЛА

# CLASSICAL AND NEO EURO-ASIAN GEOPOLITICAL THOUGHT

Тони Милески, Институт за безбедност, одбрана и мир
toni@fzf.ukim.edu.mk

АПСТРАКТ

Развојот на современата геополитичка мисла е обременет со разни дуализми во поглед на претходните сознанија и основни научни дискурси на (класична) геополитиката. Еден дел од денешните геополитички правци во голема мерка го релативизираат значењето на географските фактори или физичките карактеристики на територијата, додека други истовремено истите ги потенцираат како значајни референтни точки за идентификација на современите правци во развојот на геополитичката мисла. Од друга страна, како резултат на вечниот натпревар помеѓу копното и морето (теориите на хартленд и римленд) современата геополитичка мисла постојано се надоградува со нови развојни тенденции кои својата основа ја темелат врз постулатите на класичната геополитика, но и критиката на тие постулати.

Динамичниот контекст на современите меѓународни односи отвораат широки хоризонти за развој и моделирање на веќе постоечките сознанија за геополитиката. Ваквиот геополитички тренд настојува секоја наредна геополитичка размисла да одговори на современите геополитички случувања во светот. Трудот посебно се задржува на теоретската и практична елаборација на евроазиството и неоевроазиството како учења кои настојуваат да ја елаборираат руската геополитичката мисла од крајот на дваесеттиот век и почетокот на дваесет и првиот век.

Клучни зборови: евроазијство, неоевроазијство, геополитика, Русија, Дугин.

ABSTRACT

The development of contemporary geopolitical thought is burdened with various dualities in terms of previous knowledge and basic scientific discourses of (classical) geopolitics. One of today’s geopolitical direction largely deny the importance of geographical factors and physical characteristics of the territory, while others emphasize them as important reference points for identifying the modern trends in the development of geopolitical thought. On

the other hand, as a result of the eternal contest between land and sea (Theory of Hartland and Rimland) contemporary geopolitical thought constantly upgraded with new development tendencies which are based on the postulates of classical geopolitics, and critique of these postulates.

The dynamic context of contemporary international relations opened wide horizons for development and modeling of existing knowledge of geopolitics. This trend seeks each geopolitical subsequent geopolitical thought to respond to contemporary geopolitical occurrences in the world. The paper is specifically focuses on the theoretical and practical elaboration of eurasianism and neoeurasianism as learning's that seeks to elaborate Russian geopolitical thought of the late twentieth century and early twenty-first century.

Key words: Eurasianism, neo-eurasianism Geopolitics, Russia, Dugin.

ВОВЕД

Новонастанатите услови на меѓународната сцена овозможуваат да се соочиме со преиспитување на класичните геополитички учења. Критичкиот осврт се движи во рамките на одреден степен на негирање на значењето на географските фактори како што се: големината на територијата, нејзиниот облик, положба, излез на море, комуникациска инфраструктура и сл. Исто така, одредени геополитички правци во целост ги отфрлаат географските фактори и нивната релевантност за политичките процеси и појави.

Од друга страна, голем е бројот на геополитичките дискурси кои настанале како резултат на вековниот натпревар помеѓу силите на копното и силите на морето. Овие претпоставки укажуваат дека современата геополитичка мисла се креира како резултат на основните постулати на класичната геополитика и критичката мисла за овие постулати како нешто важно во предметот на проучувањето на геополитиката. Динамичниот развој на современите меѓународни односи детерминираат голем број теоретски претпоставки кои не се подведуваат под категориите на погоре споменатите геополитички дискурси. Умешноста во нивното научно препознавање и елаборација можат да создадат нови теоретски геополитички размисли кои во голема мерка ќе ги објаснат идните случувања на светската геополитичка сцена. Несомнено дека основите на новите теоретски геополитички размисли се наоѓаат во претходните и актуелни геополиотички опсервации кои произлегуваат од периодот по завршувањето на биполарниот светски поредок.

Општо е познато дека доминантното геополитичко учење во втората половина

од минатиот век се базирало на таласократскиот или атлантистички пристап во анализирањето на светските политички процеси. Атлантизмот како современа геополитичка појава во основа се темели врз теоријата на Николас Спајкмен за  римленд. Оваа теорија станала основна стратегија на САД во период на Студената војна, позната и како стратегија на задржување (се мисли на комунизмот). Најзаслужни за континуитетот на теоријата за римленд се Мејниг, Кирк и Коен, а нешто подоцна и Кисинџер и Бжежински. Анализирајќи ја теоријата на Спајкмен, Мејниг укажал на „функционално-културолошката склоност или ориентација на населението и државата“, а не само на географската ориентација на територијата кон копното и морето. Во териториите на евроазискиот римланд, Мејниг категоризира три вида држави во зависнот од функционално-културолошките карактеристики. Во првата група држави кои гравитираат кон хартленд спаѓаат: Кина, Монголија, Северен Виетнам, Бангладеш, Авганистан, Источна Европа, балтичките држави и Карелија (географско-историска област на северот од Европа помеѓу Белото Море на север и Финскиот Залив на југ). Јужна Кореја, Бурма, Индија, Ирак, Сирија и поранешна Југославија како геополитички неутрални држави, а Западна Европа, Грција, Турција, Иран, Пакистан и Тајланд како држави што гравитираат кон таласократскиот блок. Кирк потенцира дека главна улога на крајбрежните цивилизации е во длабочината на контитнетот да емитуваат културни импулси. Како важни држави врз кои треба да се воспостави контрола ги напоменал државите од Западна Европа, Грција, Турција, Иран, Пакистан и Тајланд. (Нартов, Нартов, 2013: 86).

Американецот Сол Коен во неговата книга „Географија и политика во поделениот свет“ предложил во геополитичкиот модел да се воведе дополнителна класификација базирана на поделбата на основните геополитички реалности на „јадра“ и „дисконтинуирани појаси“. Спорд него, во секој регион на планетата можат да се детектираат четири геополитички компоненти: прва, надворешна водна површина; втора, континентално јадро (нуклеус), односно внатрешен копнен простор оддалечен од брегот; трета, дисконтинуиран појас насочен кон континетот или надвор од него, и  четврта, региони што се независни од претходните три дела. (Дугин, 2004:100). Набљудувано од агол на атлантистите, спојувањето на раздвоените крајбрежни зони по пат на воспоставување единствена контрола над нив се означува како претпоставка за обезбедување контрола над евроазиските ривали, првенствено Советска Евроазија. За таа цел, за да биде до крај успешна американската стратегија на „анаконда“, во контекстот на размислувањата на Кисинџер, нужно било да се посвети посебно внимание на крајбрежните сектори кои тежнееле кон

неутралност или биле свртени кон внатрешноста на континентот. Во политичката практика тоа значело војна во Виетнам, соработка со Кина, поддршка на проамериканските власти во Иран, како и на националистите во Украина и Балтикот. (Килибарда, 2008: 47).

Постстуденовоениот период ја насочи геополтичката мисла кон претпоставки кои произлегоа од новиот безбедносен амбиент кој укажа на намалување на можностите за нови конфронтации од глобални размери. Имено, се отворија хоризонтите за воспоставување единствен светски поредок кој треба да се базира на постулатите на пазарната економија и општественото уредување по моделот на западните демократии. Овие оптимистички и триумфалистички претпоставки на атлантизмот овозможија појава на нов правец во геополитиката наречен мондијалистичка геополитичка ориентација. Од друга страна, се појавува правец во геополитиката кој ги негира ставовите дека е дојдено времето за формирање на „единствен светски поредок", односно дека постои веројатност одредени држави групирани околу етнорелигиската и културолошката блискост да се стекнат со соодветни атрибути што можат да ги загрозат вредностите на западните општества. Ваквиот геополитички правец во рамките на атлантизмот е наречен неоатлантизам. Покрај овие претпоставки постојат и други видувања за глобалната дистрибуција на моќта во наредниот период. Еден од поинтересните правци во развојот на геополитичката мисла, кој е предмет на анализирање во овој труд, е моделот за прикажување отпор на атлантскиот свет и дека за такво нешто е способна „заедничката моќ на континенталните целини". (Килибарда, 2008:49). Многумина овој првец го нарекуваат континентализам, а во суштина се темели на принципите и геополитичкиот модел на т.н. евроазиство, односно неоевроазиство.

## ЕВРОАЗИСКА ГЕОПОЛИТИЧКА МИСЛА: ОСНОВИ, РАЗВОЈ, МОДАЛИТЕТИ

Евроазиската геополитичка мисла потекнува од руската геополитичка школа. Основните постулати на овој геополитички правец се втемелени во идејата за континенталност во руската геополитичка школа која била развивана од приврзаниците на евроазиската мисла. Имено, Евроазијците биле тие кои први во Русија започнале да го употребуваат терминот геополитика, основните геополитички категории, предложиле сопствен геополитички модел на светот и ги означиле националните геополитички задачи и приоритети. По својата суштина евроазиската доктрина се јавува како геополитичка доктрина бидејќи се темели на геополитичкиот принцип „географијата како судбина". Заслугите на Евроазијците се огледаат во фактот што тие го создале геополитичкиот проект за идна Русија

во рамките на идниот континент Евроазија.

Во концептот на Евроазијците Русија се јавува како посебна етногеографска и културна страна, која ја зазема централната положба (хартленд) помеѓу западот и истокот, Европа и Азија. Евроазиското движење започнало да се развива во рамките на руската емиграција на почетокот од 20-те години од минатиот век. Првите размисли за евроазиството се одбележани во Софија, потоа движењето се префрлило во Прага, а потоа во Берлин. Основачи на евроазиското движење биле филологот Трубецки, историчарот Вернадски, географот и економист Савицки, православниот свештеник Флоровски, филозофот Карсавин и уметникот Сувчински.

Во текот на историјата, во периодот од 1926 до 1929 година, центарот на движењето бил преместен во Париз. Парискиот центар го раководел филозофот Карсавин кој настојувал на одредено идејно-политичко зближување и соработка со советските власти. Одредени теории говорат дека движењето било саботирано од припадници на Тајната советска полиција – НКВД (Народный комиссариат внутренних дел). (Shlapentokh, 2007:67). Трубецки и Савицки ваквиот чекор го нарекле самоубиство на самото движење. Во 1930 година евроазиското движење престанало да постои. Повторното заживување се бележи во почетокот на 1960 година од страна на Лав Николаевич Гумиљов. (Желтов, Желтов, 2012:284)

Трудовите на Гумиљов даваат сосема нова слика за евроазискиот Исток кој не се појавува во форма на варварски држави на периферијата од цивилизацијата, туку како самостоен и динамичен центар на етногенеза, култура, политичка историја, државен и технички развој. Според него, етничките Руси не претставуваат дел од развојниот пат на Словените, туку посебен етнос создаден со претопување на турско-татарскиот народ со словенскиот народ. Оттука, оправдана е руската контролата над оние евроазиски земји кои се населени со турско-татарските етноси. Големоруската цивилизација е создадена од заедничката турско-татарска и словенска етногенеза остварена во географска смисла како историска алијанса помеѓу „шумата" и „степата". (Дугин 1, 2004:135).

Од размислувањето на Гумиљов за евроазиството можат да се издвојат неколку геополитички заклучоци. Според него, Евроазија претставува плодно и исклучително богато тло за етногенеза и културна генеза. Тоа значи дека е потребно да се одвикнеме од гледиштето на светската историја како еднополарна оптика, односно „Западот и сите останати", што е карактеристика на атланистичката историографија. Понатаму, Гумиљов напоменува дека геополитичката синтеза на „шумата" и „степата" која лежи во основата

на големоруската државност претставува клучна реалност за културно-стратегиската контрола на Азија и Источна Европа. Притоа, таа контрола би придонела за одржување на рамнотежата помеѓу Истокот и Западот. Исто така, Гумиљов напоменува дека западната цивилизација се наоѓа во последниот стадиум од сопствената етногенеза со оглед на фактот дека претставува конгломерат од „измислени" етноси. Важно е да се напомене и неговиот став дека во скоро време ќе дојде до нагли промени на политичката и културната карта на планетата, по што доминацијата на „реликтните" етноси нема да трае уште долго време.

Она што можеме да констатираме е фактот дека Гумиљов не ги формулирал сопствените геополитички размислувања врз основа на сопствената карта на светот. Тоа го направиле неговите следбеници во периодот на слабеењето на марксистичката идеологија и цензурата која таа ја наметнала. Овој современ правец во целост е наречен неоевроазиство. Постојат неколку типови неоевроазиство. Првиот тип претставува повеќедимензионална идеологија формулирана од одредени политички кругови на опозицијата во Русија кои се противеле на либералните реформи во периодот од 1990 до 1994 година. Неоевроазиството е засновано на идеите на Савицки, Вернадски, кнезот Трубецки и идеологот на рускиот национал-болшевизам Николај Устрјалов. Анализата на историските Евроазијци е прифатена како актуелна и апликатибилна во рамките на современите геополитички случувања. Тезата за националната идеократија со империјални континентални размери истовремено парира на западниот либерализам, но и на тесноетничкиот национализам. Русија се набљудува како темел на геополитичкиот „голем простор" и нејзината етничка мисија претставува изградба на Империја. Советскиот период од историјата на Русија се набљудува како модернистички облик на традиционалниот руски национален стремеж кон планетарна експанзија и како што напоменува Александар Дугин „евроазиски антиатлантистички универзализам". (Дугин, 2004:139). Во рамките на неоевроазиството интензивно и темелно се проучуваат европските континенталистички проекти со што хоризонтите на евроазиското учење се отвораат и кон Европа апсолвирана како потенцијална континентална сила.

Втора карактеристика на неоевроазиството е изборот на исламските држави, особено континенталниот Иран за најзначаен стратегиски сојузник. Идејата за континентална руско-исламска алијанса се пронаоѓа во основата на антиатлантистичката стратегија на југозападниот брег од евроазискиот континент.

Другите типови неоевроазиство претставуваат цел комплекс на претходно пре-

зентираните идеи со променлива политичка реалност или честопати станува збор само за прагматично економско евроазиство кое се темели на обновување на економската соработка помеѓу поранешните советски простори.

## НЕОЕВРОАЗИСКА ОРИЕНТАЦИЈА ВО РУСКАТА ГЕОПОЛИТИКАТА

За време на Советскиот Сојуз, Русите верувале дека историјата ќе ја оправда супериорноста на комунистичката идеологија. Сега, кога Советскиот Сојуз го нема, многу руски интелектуалци ја врзуваат својата надеж за руското враќање, со големината на теоријата за геополитиката и нејзиниот руски аналоген поим за евроазиството. Според Морозова, денес „победата треба да се бара повеќе во географијата отколку во историјата, односно повеќе во просторот отколку во времето". (Morozova, 2011).

Еден од најдоследните и најзначајните претставници на неоевроазиската ориентација во геополитиката е Александар Дугин. Неговото геополитичко кредо е опишано како „револуционерен експанзионизам", „експанзионистички империјализам" и „тврдокорно експанзионистичко евроазиство". (Morozova, 2011:11). За Александар Дугин и група негови истомисленици константното акумулирање моќ по пат на територијално ширење е единственото соодветно однесување во светот во кој вечната борба на геополитичките актери е карактеристика, а особено геополитичката борба на силите кои се ориентирани кон копното и морето. (Tzygankov, 2003:109).

Каква е суштината на неговите геополитички визии? Интеграцијата на Евроазија или „собирањето на Империјата" за Дугин претставува мисија во која Русија како земја на хартленд треба да ја има главната улога. Според Дугин, таквиот тек на настаните е неминовен со оглед на фактот дека контролата над континентот не може да се замисли без контрола над просторот на „географската осовина на историјата". Доколку Русија не успее во оваа мисија, тогаш на површина испливуваат други алтернативни можности како што се: продор на Кина кон север во Казахстан и Источен Сибир или Средна Европа ќе тргне кон западните руски земји – Украина, Белорусија. Можни сценарија се и евентуалниот обид на исламскиот свет да ја интегрира Средна Азија, просторот околу реката Волга и Урал, како и одредени територии во Јужна Русија.

Поврзувањето на Русија, Германија, Јапонија и Иран, Дугин го перцепира како антизападен блок, кој би требало да претставува блок за продорот на Америка кон Европа и Азија. (Килибарда, 2008:57) Покрај Александар Дугин, различни форми на евроазиска доктрина и перспективи биле артикулирани од Евгениј Примаков (премиер на Русија од

1998 до 1999 година) и Генадиј Зјуганов. Евгениј Примаков бил еден од неколкумината руски политичари од ерата на Борис Јелцин кои заговарале блиски односи со азиските сили. (Laruelle, 2008:7). Зјуганов е познат по неговите ставови за некомпатибилноста на западната цивилизација и Русија, како и видувањето дека кон крајот на дваесеттиот век единствена алтернатива на хегемонијата на западната цивилизација претставува „исламскиот пат", што значи дека Русија треба да воспостави блиски односи со исламските држави. Најголемите критики за овој став се однесуваат на фактот што во рамките на „исламскиот пат" се вбројуваат и државите со радикален ислам. Исто така, се потенцира дека и Владимир Путин е неоевроазиски ориентиран. (Bassin, 2008:280). Жан Парвулеско, француски десничарски новинар во 2006 година публикува збирка есеи со наслов „Путин и Евроазија" (Vladimir Poutine et l'Eurasie). Во нив, покрај другото, се анализирани изјавите на Путин од неговите посети на разни конференции, самити и држави. Неоевроазијците редовно ја цитираат посетата на Путин на Самитот на азиските држави во Брунеи 2001 година. На тој самит, Путин изјавува дека „Русија отсекогаш се чувствува како евроазиска држава" и дека никогаш нема да заборави на фактот дека најголемиот дел од руската територија се наоѓа во Азија, предност која Русија никогаш не ја искористила во вистинска смисла. Затоа, Путин алудирал на потесна соработка со државите од азиско-пацифичкиот регион во поглед на градење потесни политички, економски и други релации. (Laruelle, 2008). Западните автори истакнуваат дека под маската на патриотизмот, Кремљ под раководство на Путин, презема кампањи за „индоктринација" на државата, а особено нејзината младина со неоевроазиските идеи и вредности. (Pryce, 2013:31).

Сепак, главниот апологет на неоевроазијството денеска е Александар Дугин. По долги години работа и истражување, Дугин успеал да создаде огромен доктринарен, идеолошки и стратегиски апарат на евроазиската геополитичка линија на Русија и да ја канализира иднината на Евроазиската Империја. Денска, во голем број западни научни трудови перспективите на Дугин се анализираат како неоевроазиски. Неоевроазиството исклучиво повикува на анализите што Александар Дугин ги прави во поглед на развојот на геополитичката мисла.

Од февруари 2008 година, неоевроазиството станува добро вграден политички консензус во Москва. Пишувањата и истражувачките активности на Дугин инспирирале дел од руските политички елити посериозно да се позанимаваат со практичната имплементација на неоевроазиството. Како примери ќе ги посочиме Владислав Сурков, на кого можеме да му ја припшеме идејата за „суверена демократија" и Сергеј Караганов кој

оригинално ја дизајнирал т.н. „сонародничка политика".

Сурков до 1999 до 2011 година бил ангажиран како заменик на шефот на претседателската администрација, а од 2011 до 2013 година бил заменик премиер на Руската Федерација. Тој бил најодговорното лице за спроведување на политиката на „суверена демократија". Суштината на таа политика се огледа во вербата дека Русите треба да ја дефинираат сопствената демократија и дека треба да се заштитат од вредностите што се увезуваат од надвор. Либералната демократија и атлантизмот се разгледуваат во Русија како капитулација под влијанието на Америка и Европа, поради  што прифаќањето на конкретен авторитарен модел на општествено уредување се набљудува како признавање на евроазискиот карактер на современа Русија. (Pryce, 2013:32).

Доктрината на Караганов има значителен придонес во современите контури на неоевроазиството. Истата е креирана од Сергеј Караганов, близок соработник на Евгениј Примаков и советник на претседателите Борис Јелцин и Владимир Путин. Основите на Каргановата доктрина се огледаат во ставот дека Руската Федерација треба да претставува бранител на етничките руски малцинства ширум поранешните советски републики како и секаде каде што етничките Руси се подложни на дискриминација. (Smith, et all. 2002).

Доктрината на Караганов најмногу доаѓа до израз преку примената на таканаречената „сонародничка политика". Сонародниците се претставени како сите оние кои не се граѓани на Руската Федерација, но се етнички Руси или зборуваат на руски јазик и пред сè се дефинирани како дел од „големата" руска нација. Руските Евроазијци, кои ја опишуваат Евроазија како регион што за Русија претставува „блиско соседство", тврдат дека ниту една друга држава освен Русија не е способна да ја наметне својата политичка доминација во Евроазија. Ваквата констатација е поткрепена со фактот што Европската унија и Народна Република Кина претставуваат цивилизации целосно одвоени од евроазиската цивилизација. Оттука, Русија се набљудува како природен и единствен регионален хегемон и секое кинеско, европско и американско влијание би се сметало за неприродно.

Несомнено дека доктрината на Караганов и идејата на Владислав Сурков за „суверена демократија" својата инспирација ја црпат од неоевроазиството на Александар Дугин и евроазиството на неговите предци од раните дваесетти години од дваесеттиот век. Значајно прашање во контекстот на неоевроазиството е поставено на релацијата црква и држава. Црквата се набљудува како значаен столб во развојот на неоевроазиството. Се чинеше дека реализацијата на овој столб беше сосема неостварлива. Сепак, Руската пра-

вославна црква и Кремљ ја најавија својата соработка, во контекстот на неоевроазиството, на претседателските избори во 2012 година. Тогаш, рускиот патријарх Кирил ја поддржал претседателската кандидатура на Владимир Путин, нарекувајќи го како „Господово чудо". (Bryanski, 2008). Ваквиот правец покажува дека односот помеѓу државниот апарат во Русија и Руската православна црква постојано се зајакнува. Како добра илустрација за претходните наводи можеме да укажеме на амадманите кои припадниците на партијата Обединета Русија ги подготвуваат за промоена на Кривичниот законик. Имено, во него треба да се имплементираат одредби што се однесуваат на кривична одговорност на сите оние кои ќе ја критикуваат или навредат Руската православна црква. Во тој контекст, целосна светска информираност доби настанот кога три припаднички на рускиот поп-рок бенд „Pussy Riot" добија затворски казни за изведување на недозволени перформанси во Московската црвка на Исус Спасителот. (Stanglin, 2014). Покрај зајакнувањето на врската помеѓу црквата и државата, неоевроазиството има влијание и на славофилското движење, чиј силен поддржувач и промотор е Владимир Жириновски, лидер на Либерално-демократскта партија на Русија. Како што веќе напоменавме, неоевроазиството повикува и на партнерство помеѓу православието и исламот. Сепак, како одраз на чеченскиот сепаратизам, прогресот на исламскиот карактер на неоевроазиството не е на завидно ниво. Вредни се за напомена обидите на Путин да зборува на различни средби на Организацијата на исламската конференција за посебната положба на Русија како цивилизациски мост помеѓу Европа и муслиманскиот свет. (Pryce, 2013:35).

## ЗАКЛУЧОК

Од претходно истакнатото, најважна е констатацијата дека, двата правци евроазиството и неоевроазиството го делат мислењето дека Русија претставува еден кохезивен цивилизациски ентитет, опфаќајќи ги различните народи кои населуваат широк простор на евроазиската територија. Оваа цивилизација е резултат на вековниот соживот и интеракција кои се обликувани од социјални, политички и културни сили кои доаѓаат од Европа и Азија. Оттука е зачестеното користењето на името Евроазија или Русија-Евроазија. Придржувајќи се верно на традициите на рускиот национализам до периодот на деветнаесеттиот век и класичното евроазиство и неоевроазиството ја дефинираат руско-евроазиската цивилизација базично спротивно од она што претставува перцепција на „западот". Приврзаниците на (нео)евроазиството отсекогаш гледале на „западот" како субјект кој настојува да ја поткопа националната благосостојба и геополитичко единство

на Русија и Евроазија.

Двете движења, евроазиското и неоевроазиското, во својата суштина се резултат на реакцијата на надворешните фактори кои биле во значајни аспекти многу слични, односно политичкиот крах на советската државна структура пропратена со геополитичкиот крах на нејзината територија во збир на суверени и квази-суверени ентитети. Се поставува прашањето на кој и каков начин на така фрагментиран територијален простор опстојува кохезивна цивилизациска зона. Императивот на овие геополитички развојни патеки всушност претставува одговорот на претходното прашање. Крајната цел би била можноста за воспоставување унитарна држава (поверојатно сојузништво) на евроазискиот геополитички простор.

Практичната геополитичка акција на Русија во поглед на реализацијата на идеологијата за неоевроазиствотото треба да овозможи научна геополитичка проценка на можностите за реализација и понатамошниот развој и валоризација на оваа геополитичка мисла. Состојбите во муслиманскиот свет (поддршката на Иран и Сирија) и конфликтот во Украина (заштита на руското малцинство) се едни од круцијалните геополитички и безбедносни прашања за реализација на неоевроазиството. Покрај сите политички, економски и воени консеквенци, овие состојби имаат голема геополитичка важност за иднината на целокупниот глобален геополитички поредок. Можеме да заклучиме дека во голема мерка проектот за „собирање на Империјата" зависи од исходот на тие случувања.

ЛИТЕРАТУРА


1. Bassin, Mark (2008) Eurasianism 'Classical' and 'Neo': The Lines of Continuity. In: Tetsuo Mochizuki (ed.) Beyond the Empire: Images of Russia in the Eurasian Cultural Context. Sapporo, Japan: Slavic Research Centre. pp.279-294.
2. Pryce, Paul (2013) Putin's Third Term: The Triumph of Eurasianism?, In: ROMANIAN JOURNAL OF EUROPEAN AFFAIRS Vol. 13, No. 1, March 2013.
3. Smith, David J. et al (2002) The Baltic States: Estonia, Latvia, and Lithuania. New York: Routledge.
4. Bryanski, Gleb (2012) Russian patriarch calls Putin era 'miracle of God'.
5. Reuters, 8 February, http://uk.reuters.com/article/2012/02/08/uk-russia-putin-religion-idUKTRE81722Y20120208 (пристапено на 20.10.2014 година),
6. Doug Stanglin, (2014) Timeline: Pussy Riot's journey from protest to prison. USA TODAY. February 18.

7. Natalia Morozova, (2011) THE POLITICS OF RUSSIAN POST-SOVIET IDENTITY: GEOPOLITICS, EURASIANISM, AND BEYOND, doctoral thesis, Central European University. Department of International Relations and European Studies.
8. Andrei P. Tsygankov, (2003) "Mastering Space in Eurasia: Russia's Geopolitical Thinking After the Soviet Break-Up," Communist and Post-Communist Studies 36, no. 1.
9. Dmitry Shlapentokh (ed.) (2007) Russia between East and West - Scholarly Debates on Eurasianism. Leiden • Boston: BRILL.
10. Marlene Laruelle, (2008) Russian Eurasianism: An Ideology of Empire. Woodrow Wilson Center Press.
11. Дугин, А. (2004) Основи геополитике 1. Зрењанин: Екопрес.
12. Дугин, А. (2004) Основи геополитике 2. Зрењанин: Екопрес.
13. Желтов, В.В. Желтов, М.В. (2012) Геополитика: история и теория. Москва: Вузовский учебник.
14. Килибарда, З. (2008) Основе геополитике. Београд: Универзитет у Београду – Факултет безбедности.
15. Нартов, Н.А. Нартов, В.Н. (2013) Геополитика. Москва: Юнити.